**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**ПРОГРАМА ЗА РЕФОРМИРАНО ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО**

# *МУЗИЧКА УМЕТНОСТ*

**ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ИЗБОРНИ ПРОГРАМИ И СОДРЖИНИ**
**ЗА I ГОДИНА**

**Скопје, 2001 година**

# 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет / програмско подрачје:** Задолжителни изборни програми и содржини– *музичка уметност*

**1.2. Образовен профил и струка**
1.2.1. Образовен профил: гимназиско образование

**1.3. Диференцијација на активноста**
1.3.1. Општо образование: *задолжителни изборни програми и содржини – музичка уметност*

**1.4. Година (фаза) на изучување на наставниот предмет**
1.4.1. Прва година

**1.5. Број на часови на наставниот предмет / програмско подрачје**
1.5.1. Број на часови седмично (седмичен контакт): 1 час
1.5.2. Број на часови годишно (квота на изучувањето): 36 часа

**1.6. Статус на наставниот предмет**
1.6.1. Задолжителни изборни програми и содржини

## 2. ЦЕЛ НА НАСТАВАТА ПО МУЗИЧКА УМЕТНОСТ

**Цел на наставата по музичка уметност** е кај учениците да се побуди и развие интерес, желба и љубов кон музичката уметност во целост, да се поттикнат и развијат знаењата за народното музичко творештво – македонски фолклор, да се стекне способност за активно слушање на музички дела и анализа на истите, да се развие чувство на припадност кон заедницата во која живее и твори, да се создадат естетски чувства кон уметничкото и народното музичко творештво.

**Посебни цели:**

- учениците да стекнат знаења за историјата на музиката од праисторијата до класицизмот;
- да ги совладаат и применуваат знаењата за народното музичко творештво;
- да осознаат за стилските карактеристики на музиката во секој период од нејзиниот историски развиток;
- да се запознаат за животот и творештвото на претставниците на тие периоди;
- да стекнат способност за активно слушање на музичките дела и анализа на истите;
- да ги продлабочат знаењата кон музичката теорија;
- да развијат естетски чувства кон уметничкото и народното музичко творештво;
- да се постигне интерес за самостојно препознавање со музичките дела;
- да имаат креативни способности кои ќе ги развиваат во понатамошната работа;
- да се изградат позитивни ставови кон наставата и посетата на концерти, опери и балетски претстави;
- да се оспособат да ја откријат основната структура на музичкото дело;
- да се љубопитни за експериментирање, откривање на нови можности за музички израз;
- да се подготват за продолжување на образованието и учење низ целиот живот.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешна реализација на програмските задачи, потребно е учениците да имаат интерес кон музичката уметност и одредени музички, естетски и психофизички способности за музичко изразување, стекнати во основното училиште низ програмските содржини на музичкото образование, мајчин јазик, историја и др.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1. Структуирање на содржините за учење за I година

| ТЕМАТСКИ ЦЕЛИНИ | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички забелешки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| 1. **ИСТОРИЈА НА МУЗИКАТА**<br><br>1.1. Потеклото на музиката и нејзиниот развиток | 20 часа | *Ученикот:*<br><br>- да се здобие со знаење за потеклото на музиката и теориите за нејзиниот постанок;<br>- да се запознае ço музиката во првобитната заедница; | *Наставникот:*<br><br>- презентира музички илустрации и видеозаписи; | - Ликовна уметност; историја; мајчин јазик; историја на музиката; |
| 1.2. Музика кај старите цивилизации | | - да се информира за карактеристиките на музиката кај старите источни народи;<br>- да ја развие способноста за компарација на музичките дела во различни земји. | - групна работа: поврзување на знаењата од музичката уметност со знењата од историјата и останатите гранки на уметноста;<br>- анализа на музички дела од различни народи | - историја,<br>- ликовна уметност;<br>- мајчин јазик;<br>- историја на музиката. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **1.3. Музиката во Средниот век** | | - да го осознае влијанието на општествените и социјалните прилики во Средниот век врз развитокот на музиката;<br>- да ги поврзува општествените и социјалните прилики во Средниот век со развитокот на музика;<br>- да се запознае со духовната музика, Гргур Велики, Грегоријански корал;<br>- да ја идентификува со средновековната музичка теорија;<br>- да дава осврт за музичката писменост во Македонија, Охридска книжевна школа – Климент Охридски; | - се анализираат музички дела со звучни илустрации и партитури од дадениот период;<br>- прави компарација на музички дела од овој период;<br>- презентираат и илустрираат разни написи, записи од различи енциклопедии и друга стручна литература; | - историја;<br>- ликовна уметност;<br>- историја на музика;<br>- мајчин јазик. |
| 1.4. Средновековна световна музика | | - компарација со монофонијата и полифонијата во дадениот период;<br>- да се запознае со средновековната световна музика;<br>- да ја развива способноста за активно слушање на дела од овој период и способноста за нивна анализа; | - презентира музички илустрации, записи, слики и партитури од претставниците на овој период;<br>- музичка анализа на дадените дела;<br>- подготвува и задава задачи за анализа и препознавање на музичките дела; | - историја;<br>- историја на музика;<br>- ликовна уметност;<br>- мајчин јазик. |
| 1.5. Ренесансна музика | | - да стекне основни знаења за почетоците на музичката ренесанса; | - компарација помеѓу творештвото од раната и доцната ренесанса 14 и 16 век; | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1.6. Орландо ди Ласо | | - да стекне знаења со животот и делото на Орландо ди Ласо; | - музичка анализа на дадените дела; | - историја на музиката; историја; ликовна уметност; |
| 1.7. Џ. П. Палестрина | | - да се запознае со Римската школа и нејзиниот главен претставник Џ. П. Палестрина; | - подготвува и задава задачи за анализа и препознавање на музичките дела; | - историја на музиката; |
| 1.8. Ј. Галус | | - да стекне знаења за животот и делото на Ј. Галус; | - компарација помеѓу ренесансата во Франција, Италија, Холандија и ренесансата во словенските замји; | |
| 1.9. Појава на операта | | - да ги открие причините за појава на операта;<br>- да ја развива способноста за активно слушање на делата;<br>- да научи да ги анализира презентираните музички илустрации од дадениот период, нивните карактеристики, сличности, разлики, специфичности;<br>- да ја разбере содржината на операта; | - посета на концерти и опери; | |
| 1.10. Барок во музиката | | - да се запознае со карактеристиките на барокната музичка уметност и нејзините специфики во различни држави и разликите во вокалната, вокално-инструменталната и инструменталната музика; | - се води интервју со различни старосни групи на тема: „Како ја доживуваат музиката во барокот"; | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1.11. Инструменти во барокот<br><br>1.12. К.Монтеверди<br><br>1.13. А. Вивалди<br><br>1.14. J. С. Бах<br>1.15. Г. Ф. Хендл | | - да ги разликува инструментите во барокот;<br>- да се запознае со претставниците на барокот;<br><br>- да стекне знаења за животот и делото на Клаудио Монтеверди (неговата инструментална и сценска музика);<br><br>- да се запознае со творештвото на Антонио Вивалди;<br><br>- да стекне знаења за животот и делата на врвните претставници Г. Ф. Хендел и J. С. Бах;<br>- да направи компарација помеѓу животот и творештвото на Г. Ф. Хендел и J. С. Бах;<br>- да развива способност за активно слушање на делата од овој период; | - презентира музичка литература од овој период;<br>- користи музичка енциклопедија, компјутерски записи, видеоленти;<br>- ги насочува учениците кон анализа на музичките дела;<br>- организира групна форма на работа ;<br>- организира посета на концерти, опери и балети;<br><br>- изработка на пано со животниот пат и творештвото J. С. Бах и Г. Ф. Хендл; | - историја на музиката;<br>- историја;<br>- ликовна уметност;<br>- мајчин јазик; |
| 1.16. Класицизам | | - да умее да ги идентификува општествените, економските прилики за појавата на класицизмот во музиката;<br>- да се запознае со ро-ко-ко стилот и музичките претставници од предкласицизмот; | - се презентираат музички илустрации за форми и инструменти од овој период; | |
| 1.17. К. В. Глук и реформите | | - да ги воочи карактеристиките на операта во класицизмот со откривање на животот и делото на К. В. Глук и неговата реформа во операта; | - анализа на творештвото на Глук; | - историја на музиката;<br>- историја; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1.18. Ф. Ј. Хајдн<br><br>1.19. В. А. Моцарт<br><br>1.20. Л. В. Бетовен | | - улогата на Хајдн, Моцарт и Бетовен во класицизмот;<br>- да стекне знаења за животот и делото на Ф. Ј. Хајдн, В. А. Моцарт и Л. Ван Бетовен;<br>- да се направи компарација помеѓу творештвото на тројцата композитори;<br>- да се развие способноста за активно слушање, музичка анализа и препознавање на делата од овој период;<br>- да ја развие општата музичка култура. | - организира групна форма на работа преку анализа на музичките дела ;<br>- организира посета на концер-ти;<br>- уредување на пано за животот и творештвото за преставниците на класицизмот. | - ликовна уметност;<br>- мајчин јазик. |
| **2.1. Музичка теорија**<br>2.2. Изразни средства на музиката<br><br>2.3. Тонска скала - род | 4 часа | - Да ги препознава особините на звукот и тонот;<br>- да се запознае со функцијата на мелодија-та, хармонијата, ритамот, темпото, так-тот, динамиката во музичките примери;<br>- да умее да ги користи формите стапало, степен, нота, пауза, интервал, линиски систем, тонски систем и др.;<br>- да умее да користи музички знаци (лак, точка, корона);<br><br>- да ги воочува ритмичките елементи синкопа, триола;<br>- да ги пее интервалите во разни ритмичко мелодиски вежби;<br>- да препознава и разликува мотив, двотакт, реченица и период во музиката;<br>- да се оспособи за следење на музичко дело; | - Читање и пеење по нотен текст на ритмички и мелодиски вежби;<br><br>- читање и пеење по нотен текст во дурските скали;<br>- слушање и следење на партитури од познати дела; | - Музичка теорија;<br>- солфеж;<br><br>- музичка теорија;<br>- музички форми; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2.4. Паралелен тонски род (скали со два предзнака )<br>G-dur – e –moll;<br>D-dur – h-moll;<br>f-dur – d-moll;<br>B-dur – g-moll; | | - да го открива квинтното тркало нагоре и надолу;<br>- да ги препознава местата на тоновите во новите скали;<br>- да пее мелодиски вежби во новите скали. | - пее мелодиски вежби во новите скали. | - теорија на музиката;<br>- музички форми. |
| **3. Вокална итерпретација**<br><br>3.1. Химна на Р. Македонија во (Ф - дур)<br><br>3.2.Револуционерни песни<br><br>3.3. Уметнички и народни песни | 4 (часа) | - Да ја побуди свеста кај учениците за функцијата и значењето на химната;<br>- се пее химната на Р. Македонија(во Ф-дур );<br><br>- да се поттикнат патриотски чувства;<br>- да се запознава со содржината и карактерот на песните;<br>-да го разбере карактерот на литературниот текст;<br><br>- да разликува уметнички, револуционерни, народни песни;<br>- да ги применува основните елементи на вокалната техника;<br>- да пее песни по слух и нотен текст;<br>- да се оспособува за двогласно пеење преку канони; | - Индивидуално и хорско пеење;<br><br>- пеење песни по слух и по нотен текст;<br>- се анализираат песни и партитури; | - вокална техника;<br>- солфеж;<br>- мајчин јазик;<br>- теорија на музиката. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3.4. Популарни опери и симфонии (фрагменти ) | | - да интерпретира познати фрагменти од популарни опери и симфонии. | | |
| **4. Македонски музички фолклор и македонски фолклор во модерните стилови**<br><br>4.1. Карактеристики на музичкиот фолклор во Македонија<br><br>4.2. Метрика, ритам, мелодика на народна песна<br><br>4.3. Структура и форма на народна песна | 8 (часа) | - Да се запознае со карактеристиките на фолклорот, а потоа и со карактеристиките на македонскиот музички фолклор;<br>- да го осознае процесот на создавање, пренесување и оформување на народната песна;<br><br>- да разликува македонски народни изворни песни според нивната содржинска тематика врз поетска и литературна основа;<br><br>- да се запознае со карактеристиките на народната песна: метрика, ритам, мелодика, структура, форма;<br>- да ги разликува рамноделните и нерамноделните сложени тактови;<br><br>- да разликува народни песни според содржината и формата;<br>- да прави разлика меѓу изворното народно и уметничко творештво и новосоздадената песна со фолклорни елементи; | - Слушање и собирање на народни песни;<br>- пеење на народни песни;<br><br>- слушање и анализа на народни песни во сложените нерамноделни тактови;<br><br>- изготвување на есеи на тема: „Позитивни и негативни влијанија врз новосоздадената народна песна со фолклорни мотиви” | - Музички фолклор;<br>- музички форми;<br>- теорија на музиката;<br>- мајчин јазик. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4.4. Народни инструменти во Македонија | | - да научи за македонскиот народен изворен инструментален корпус и пренесените влијанија низ историјата, како и нивната примена во музичкото народно изворно творештво; | - Изработка на албум со слики со народни инструменти и народни носии во одделни краишта на Македонија; | |
| 4.5. Ороводна народна традиција | | - да разликува различни видови носии во Македонија;<br>- да ги разликува македонските народни ора според нивната поделба и примена; | - организирана посета на КУД; | |
| 4.6. Први македонски музички дејци: Наум Миладинов | | - да се информира за почетоците на македонската музичка писменост;<br>- да се запознае со животот и делото на првите мелографи и првите македонски музички ансамбли;<br>- да стекне знаења за животот и делотото на Наум Миладинов; | - презентирање музички примери од овој период; | - Музички фолклор;<br>- музичка теорија;<br>- историја на музиката;<br>- мајчин јазик и литература; |
| 4.7. Атанас Бадев | | - да развие способност за активно слушање на делата на Атанас Бадев и музичка анализа на истите; | - изготвување пано со слики и записи за животот и творештвото на Наум Миладинов и Атанас Бадев; | |
| 4.8. Македонски фолклор во модерните стилови | | - да го објасни влијанието на фолклорот врз поп-музиката, рокот, џезот и модерната етно-музика;<br>- да слуша популарни композиции со македонски фолклор во модерни стилови. | - презентација на аудио-визуелен материјал за македонскиот фолклор во модерните стилови. | - музички фолклор;<br>- мајчин јазик. |

## 4.2. Наставни методи и активности на учење

Во остварувањето на целите во задолжителните програми и активности по **музичка уметност** ќе се користат веќе познатите методи и форми на активна настава.

**Активности на наставникот:** објаснува; демонстрира; дава инструкции; поставува задачи; ги вреднува задачите; дискутира; прави и води забелешки; регистрира; презентира; организира и води мали проекти; обучува за практична работа и активности на учениците итн.

**Активности на ученикот:** слуша; набљудува; увежбува; демонстрира; повторува; дискутира; проверува; применува; истражува; учи во парови; учи во групи; самостојно учи; користи разни извори на знаења; посетува опера, балет, концерт.
Од формите ќе се користат фронталниот, индивидуалниот и групниот облик на работа. Користењето на формите, методите и постапките на работа, наставникот ги осмислува непосредно при планирањето на наставниот час и операционализацијата во конкретни активности кои ќе ги реализира на часот. Користењето на формите и методите ќе биде усогласено со материјално-техничките и просторните услови на училиштето, возраста и предзнаењата на учениците и нивниот интерес.

## 4.3. Организација и реализација на наставата

Основна насока на наставата по **музичка уметност** е креативно разрешување на поставениот музички проблем за што ќе се користат основните законски документи (Наставната програма и видовите планирања), со посебно нагласување на активностите на наставникот и ученикот во организацијата и остварувањето на часот. Образовниот процес претежно ќе се реализира во кабинетот по музичка уметност и посета на други објекти кои овозможуваат да се реализираа наставата (пр. оперско - балетска куќа; Македонска филхармонија и други објекти). Во текот на работата со учениците ќе се има предвид солидната комуникација на релацијата: наставник-ученик и обратно, задоволување на нивните потреби и интереси, оспособување на учениците за самостојно размислување и изнаоѓање оригинални решенија и развивање љубов кон музичката уметност.

**4.4. Наставни средства и помагала**

Во остварувањето на целите на наставата по музичка уметност треба да се обезбедат просторни и материјално-технички услови:

- музички инструменти од составот на симфонискиот оркестар, т.е. за уметничка музика;
- музички инструменти со електронска техника;
- музички инструменти од областа на изворното народно музичко творештво;
- музички инструменти кои се користат за секојдневна намена.

**Технички помагала:**

- касетофон (во стереотехника);
- музички систем составен од радио, касетофон и грамофон (во стереотехника);
- видеорикордер; CD;
- фонотека (збирка на аудиокасети, видеокасети );
- комјутер со музичка програма за изработка на партитури и можности за нивно репродуцирање и печатење на печатар;
- звучна табла;
- камертон и др.

Особено се значајни редовните посети во МНТ (оперско - балетска куќа), Македонската филхармонија и други установи каде може практично да се доживее и реализира наставата по музичка уметност.

**Литература за наставениот кадар:**

- музички лексикони;
- музичка енциклопедија;
- збирка на вокални композиции или поединечни партитури;
- збирка на инструментални композиции или поединечни партитури;
- збирка на вокално - инструментални композиции;
- збирка на изворни народни песни;
- литература од областа на историјата на музиката;
- монографии од областа на музичката уметност;
- литература од областа на музичките форми;
- литература од областа на изворното народно музичко творештво;
- методики за музичка настава;
- друг вид на литература и музикалии од значење за реализација на програмата.

**Литература за учениците:**
- учебници за совладување на одделни музички инструменти, за кои учениците ќе се определат;
- помали збирки со композиции кои би можеле да ги совладуваат на избраниот инструмент;
- брошури од популарен вид на музичката уметност;
- музичка литература од инфирмативен карактер;
- водичи низ музичката уметност и музичката култура воопшто;
- илустрирани изданија и сродни музички публикации за широк аудиториум на корисници;
- друга литература и музикалии од значење на нивниот интерес и потреби во совладувањето на оваа наставна програма, како и за проширување на нивните музички и културни хоризонти.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Знаењата, способностите и постигањата на учениците по **задолжителните изборни програми и содржини по музичка уметност** не се оценуваат.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Од наставникот се очекува да ги поседува следните карактеристики на **персонални, стручни и педагошки** вредности:
- да биде психички и физички здрав;
- да го владее македонскиот литературен јазик и кирилското писмо;
- да е добар предавач и организатор на работата;
- да поседува квалитетни способности за комуникација со учениците, родителите, колегите и други странки;
- да биде креативен и да се залага за иновирање во наставниот процес;
- да поседува адекватно професионално стручно образование;
- да ја сака и почитува педагошката професија;
- да применува современа образовна технологија;
- да нема говорни мани.

**6.2. Стандард за наставен кадар**

Завршени студии на:

1. Факултет за музички уметности – оддел за музичка теорија и педагогија
2. Факултет за музички уметности ( други оддели) со стекната педагошка докфалификација на Факултетот за музичка уметност

Предност да имаат кадрите според назначениот ред.

**6.3. Стандард за простор**

Зстварување на програмските цели по **задолжителните изборни програми и содржини по музичка уметност е потребен музички кабинет или специјализирана училница** која е опремена со материјално–технички и дидактички средства согласно Нормативот за простор и наставни средства. Кабинетот да поседува и просторија за подготовки на наставникот која, покрај другото, ќе служи и како дидактичка остава за чување на материјално – техничките средства, стручна литература, инструменти и друго.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА НА НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7. 1. Датум на изработка:** мај 2001 година

**7.2. Состав на работната група:**

- Анкица Витанова, советник за следење и стручна поддршка на кадарот во воспитно - образовните установи за предучилишното воспитание, одделенската настава и предметна настава во Бирото за развој на образованието – Скопје.
- Живоин Глишиќ, вонреден професор на Факултетот за музичка уметност - Скопје
- Анета Димеска, професор во УСО „Кочо Рацин"- Скопје
- Јованка Миљановска, професор ДУСО „Браќа Миладиновци"- Скопје
- Силвана Гелевска, професор во ДСУ Гим. „Јосип Б. Тито" - Скопје

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 01.09.2001 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по **задолжителните изборни програми и содржини по музичка уметност** ја одобри (донесе): ______________________________________________ со решение бр. ______________ од ______________2001 година.